# „Аллахумме, инни ес елукел-’афијете фиддунја вел ахирети

Ибн Омер, радијаллаху анху, рекол: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, не ги занемаруваше овие дови, кога легнуваше навечер и кога се будеше наутро: „Аллахумме, инни ес елукел-’афијете фиддунја вел ахирети. Аллахумме, инни ес‘елукел ’афве вел ’афијете фи дини ве дунјаје, ве ехли ве мали. Аллахумме-стур ‘аврати ве амин рев’ати. Аллахумме-хфезни мин бејни једејје ве мин халфи ве ‘ан јемини ве ‘ан шимали ве мин фавки ве е’узу би азаметике ен угтале мин тахти.“ (Аллаху мој, Те молам за благосостојба на овој и на идниот свет. Аллаху мој, Те молам да ми простиш и да ми дадеш благосостојба во мојата вера, во мојот живот, во моето семејство и во мојот имот! Аллаху мој, скриј ги моите недостатоци и смири ме во тешките моменти! Аллаху мој, чувај ме од предната и задната страна, од десната и левата страна, и одозгора; и барам заштита преку Твојата Величина да не бидам зграпчен одоздола.)

[صحيح] [رواه أبو داود والنسائي وابن ماجه وأحمد]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, не ги оставил и секогаш, навечер и наутро, овие дови ги изговарал: „Аллахумме, инни еселукел-’афијете“ Аллаху мој, Те молам за благосостојба и сигурност од болестите, неволјите и тешкотиите на овој свет, „фиддунја вел ахирети“ на овој и на идниот свет, сега додека живеам и подоцна кога ќе бидам оживеан. „Аллахумме, инни ес‘елукел-’афве“ Аллаху мој, Те молам да ми простиш и да ми ги избишеш гревовите „вел-’афијете“ и да ми дадеш благосостојба и сигурност од било какви маани, „фи дини“ во мојата вера, како што се многубоштвото, иноверноста и гревовите, „ве дуњаје“ во мојот живот, како што се искушенијата, незгодите и лошите работи, „ве ехли“ во моето семејство, мојата сопруга, децата и блиските роднини, „ве мали“ и во мојот имот или работата. „Аллахумме-стур ‘аврати“ Аллаху мој, сокриј ги моите недостатоци, и маните кои ги поседувам, како и пропустите кои ги правам „ве амин рев’ати“ и смири ме во тешките моменти, кога стравувам и се плашам. „Аллахумме-хфезни“ Аллаху мој, чувај ме, и оддалечи ги несреќите, неволјите и штетите од мене, „мин бејни једејје ве мин халфи ве ‘ан јемини ве ‘ан шимали ве мин февки“ од предната и од задната страна, од десната и од левата страна, и одозгора, со ова Пратеникот се молеше да го сочува од сите страни, бидејќи несреќите и неволјите му доаѓаат на човекот од едната од овие страни. „ве е’узу би азаметике ен угтале“ и барам заштита преку Твојата Величина да не бидам проголтан, зграпчен, да не бидам уништен неочекувано, без да бидам подготвен, „мин тахти“ одоздола, така што ќе пропаднам.